РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-211/3
03.04.2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 16-та седница одржана на 28.03.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2665/1 од 04.10.2024 година, оформен по доставена пријава против лицето ---- ------ поранешен директор на -- -------- -------- со наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство Скопје.

Предметот со број 12-2665/1 од 04.10.2024 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на 04.10.2024 година, доставена е пријава против лицето ---- ------ поранешен директор на -- -------- --------, и оформен е предмет број 12-2665/1 од 04.10.2024 година.
Во пријавата се изнесени наводи за незаконитости во постапувањето на поранешниот директор на -- -------- -------- ---- -------- во врска со спроведена постапка за унапредување на административните службеници ------ -------, ----- ------ и ------ ----- ------ на работни места во службата за внатрешна контрола и ревизија.
ДКСК достави барање за податоци до Државниот управен инспекторат.
По барањето на ДКСК е обезбедено известување за преземени инспекциски дејствија на Државниот управен инспекторат со прилог Записник за извршениот

вонреден инспекциски надзор број ИП 1 бр.13-1597 од 04.12.2024 година, во кој е утврдено дека унапредувањето на административните службеници е во спротивност со член 48 до член 53 и член 24 став 2 точка 4 од Законот за административни службеници како и член 20- а , член 20-б и член 20-в од Законот за вработени во јавниот сектор заради што истото е доставено на надлежност на Основното јавно обвинителство од Гостивар.

Дополнително, во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата побара Јавното обвинителство на РСМ да достави информација за тоа дали и како е постапено по наводите во предметната пријава.

Од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија доставен е одговор бр.РО бр. 373/24 од 10.02.2025 година, во кој е наведено дека Основното јавно обвинителство Гостивар по доставено известување од Државниот управен инспекторат со наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба на лицето Исак Лазами, поранешен директор на -- -------- -------- во врска со спроведената постапка за унапредување на административните службеници ------ -------, ---- ------ и ------ ----------- на работни места во службата за внатрешна контрола и ревизија има оформено предмет под број РО. Бр 1/25 од 10.02.2025 година, по кој постапува.

Дополнително обвинителството известува дека по проучување на содржината на Известувањето, врз основа на член 39 ст.2т.1 и член 284 од ЗСК, од 31.01.2024 одина има донесено Наредба за доставување на податоци до МВР ОВР Гостивар со која се бара да се преземат одредени дејствија за прибавување на решенијата за унапредување и исплатните листи за плата од 2019 година до денес за горенаведените вработени во -- -------- --------, и за исходот од своето постапување ДКСК ќе биде известена.

Имајќи го во предвид наведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство Гостивар кој постапува, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател
Татјана Димитровска

Изготвил: П.Б., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk